**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-643/**

# З А П И С Н И К

**Од 209.Седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 31.01.2023 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани, Златко Јанковски,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека и Ивана Трајковска. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Иле Тримчески-Одделение за човечки ресурси МРТ. |

**209.Седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.**

Седницата почна во 11.15 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 208.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување Колективен договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ број 01-4175/7 од 31.07.2019 година и број 123/2019 од 31.07.2019 година со Предлог Колективен договор за Измена и дополнување на КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР НА ЈРП МРТ број 01-4175/7 од 31.07.2019 година и број 123/2019 од 31.07.2019 година.

3. Разгледување на Барање за соработка од Кинотека на Македонија.

4. Разно.

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на записникот од 208.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 208.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Членот Снежана Клинчарова и Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац дадоа свои забелешки по однос на запсиникот од 208.седница.
По расправата записникот од 208.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 208.седница на Програмскиот Совет на МРТ со констатираните забелешки.

ТОЧКА2:**Разгледување и усвојување Колективен договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ број 01-4175/7 од 31.07.2019 година и број 123/2019 од 31.07.2019 година со Предлог Колективен договор за Измена и дополнување на КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР НА ЈРП МРТ број 01-4175/7 од 31.07.2019 година и број 123/2019 од 31.07.2019 година.**
Воведно излагање по оваа точка даде Иле Тримчески од Одделението за човечки ресурси во МРТ кој истакна дека како резултат на измената на Правилникот за систематизација на работните места во ЈРП МРТ кои беа усвоени и донесени во месец декември 2022 и по добиената согласност од МИОА на измената на Правилникот за систематизација, со промената на шифрите и називите на неколку работни места потребно е да се направи дополнување на Колективнот договор на ЈРП МРТ, односно да се измени членот 69 во кој се утврдени коефициентите за сложеност на работните места во ЈРП МРТ со кој се утврдува висината на нето платата за секое работно место.
Со цел да им понудиме нови договори за вработување на веќе вработените кај кои има промена на називот на работното место, потребно е во Колективниот договор на ЈРП МРТ да се внесат новите називи на работните места и коефициентите.
Предлагаме и кај новите називи на работните места да се утврдат истите коефициенти на сложенсот, а станува збор за следните работни места кои треба да бидат дополнети во членот 69 од Колективниот договор на ЈПР МРТ:
-Стручен соработник 1 во Одделение за план со коефициент на сложеност 2.15 во Планер (стручен соработник) 1 во Одделение за план со коефициент на сложеност 2.15
-Стручен соработник 2 во Одделение за план со коефициент на сложеност 1.97 во Планер (стручен соработник) 2 во Одделение за план со коефициент на сложеност 1.97 и
-Стручен соработник 1 во Одделение за енергетика и напојување со коефициент на сложеност 2.15 во Инженер (Стручен соработник за техничка документација) во Одделение за енергетика и напојување со коефициент на сложеност 2.15.
Предходно и Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа и даде согласност на Колективниот договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ.
Заменик претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија со прашање дали нивото В1 е вметнато само во ова одделение и доколку е така, зошто е само тука, а не и во другите одделенија?
И по однос за Одделението за евиденција статистика и истражување на програмите зошто кога вработените таму извршуваат работа за програмата се вметнати во делот на јавна администрација, а не во делот на даватели на услуги?
Иле Тримчески одговори дека е само тука во ова одделение,а додека во другите одделенија ако ги опфатевме ќе требеше да носиме нова Систематизација на работни места, бидејќи ќе беа опфатени повеќе од 30% од работни места.
Додека Одделението за евиденција статистика и истражување на програмите е ставено во делот на јавна админстрација уште од 2016 година.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ги стави на гласање Измените и дополнувањата на Колективниот договор на ЈРП МРТ.

■**Колективниот договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **10** членови,
- ПРОТИВ гласаа: **0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Колективниот договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА3: **Разгледување на Барање за соработка од Кинотека на Македонија.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац дадде вовед во оваа точка и пред присутните го образложи барањето од НУКинотека на Македонија со бр.11-75/1, во кое на почетокот се потенцира дека НУ Кинотека на Македонија располага односно има набавено од 2021 година, секнер за дигитализација на филмски материјали на 35мм и 16мм филмски ленти-слика и звук, и активно работи на дигитализација на филмовите од сопствената архива.
Од МРТ со овој предлог за соработка за почеток се бара да се добијат на дигитализација анимираните филмови „Каша“ (1977) и „Фестивал“ (1982) во режија на Дарко Марковиќ.
Членот Гајур Рамдани праша дали МРТ поседува таков скенер за дигитилизација и доколку нема дали МРТ има можност да набави таков скенер, и дали оваа понуда од НУ Кинотека на Македонија важи само за овие два филма?
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац одговори дека понудата на Кинотека на Македонија важи за сите материјали, и дека тие би сакале да се започне со овие два филма бидејќи се најрепрезентативни.И доколку понудата на НУ Кинотека на Македонија е бесплатна не би требало МРТ да набавува нов таков скенер.
Снежана Клинчарова посочи дека долги години ниту една институција во државата немаше соодветен проектор, и многу значајни материјали се носеа во Бугарија, дали сега има набавено треба да се провери, затоа треба ние како совет да побараме од Менаџментот на МРТ исцрпна информација до каде е дигитализацијата на останатиот материјал, и што со овие филмски материјали, како и информација во врска со понудата на НУ Кинотека на Македонија.
Ристе Панов потсети дека сето ова е регулирано во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно во членот 112-Архивирање на аудио и аудиовизуелни дела на МРТ, каде што се вели дека МРТ е должна да обезбеди долгорочно архивирање на аудио и аудиовизуелните дела кои се создаваат или се создале при вршењето на дејноста, како дел од аудиовизуелното богатство на Република СМакедонија и да обезбеди нивно трајно користење со соодветен квалитет.
Аудио и аудиовизуелните дела од овој член се достапни за јавноста преку плаќање соодветен надоместок за обезбедување на нивна копија и испорака, по цена базирана врз реален трошок.Начинот на архивирање и обезбедување достапност до јавноста, како и висината на надоместокот со општ акт ги пропишува Програмскиот совет на МРТ, по предлог на Директорот на МРТ во согласност со програмата за развој на МРТ.
Од тука прозилегува и е јасно дека МРТ е сопственик на тие дела, МРТ може да наплаќа за тие дела и ние како совет го имаме донесено правилникот со кој се регулира сето ова.

После расправата по оваа точка беше предложен следниов **Заклучок:**
● Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да се прозинесе по Барањето за соработка од Кинотеката на РС Македонија со бр.11-75/1 од 25.01.2023 година, како и да достави дополнителна Информација до каде е дигитализацијата на другите формати од целокупната архива на МРТ.
-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА4:Разно.**
Заменик претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија уште на предходната седница на советот спомена за неколку унапредувања на новинари во МРТ (5 во МТВ и 5 во МРА), кои се реализирале пред некое време во МРТ, и за кои е наведен некој термин „мигрирање“.Ведат за истото на оваа седница од Одделението за човечки ресурси побара Информација за што точно станува збор, и како е тоа направено?
Иле Тримчески од Одделението за човечки ресурси во МРТ објасни дека станува збор за терминот „мобилност“-распоредување на исто ниво.Иле објасни дека нивоата се утвредни согласно Закон за административни службеници за административните службеници и согласно Закон за јавни претрпријатија за давателите на услуги, а врз основа на тоа, утврдени се шифри и самата шифра нас не упатува кое работно место на кое ниво припаѓа.
Заменик претседателот на Програмскиот совет на МРТ запраша дали ова е унпредување?
Иле Тримчески одговори дека согласно закон не е, дефиниција во законот за унпредување е да поминеш од пониско ниво на повисоко, што во случајов не е, туку е распоредување на исто ниво.
Членот Анита Латифи посочи дека за ова треба да се обратиме до МИОА, за да ни објаснат дали во случајов ако има финансиски импликации е мобилност или унапредување.

Седницата заврши во 12.30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател